СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Шеесет и шестаа седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 август 1993 година

Скопје, август 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД VI-то ПРОДОЛЖЕНИ НА 66-тата СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 18.08.1993 ГОДИНА**

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 2, 4
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 5, 17, 19, 57, 60
3. АБДИ ФАИК - 12
4. АНДОВ СТОЈАН - 31, 33, 60, 72, 73
5. АРСОВ ДРАГИ - 51, 63, 65, 74, 75
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 49, 53
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 16, 61, 67
8. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 35
9. ЗИБЕРИ НАСЕР - 6, 59
10. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 4, 30, 32, 33, 34
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 19, 26, 65, 68
12. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 69
13. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 45
14. МИЦЕВСМИ ТРАЈАН - 28
15. МИНОВ ПАНЧЕ - 10
16. МАНЕВ ЕФТИМ - 11, 17
17. МЛАДЕНОВ ПАНЧО - 25
18. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 1, 3, 21, 40, 70, 71, 72
19. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 9
20. РАМАДАНИ ХИСНИ - 13
21. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 21, 30, 32, 34
22. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 39, 45, 46, 52, 60, 76, 77
23. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 7, 10, 14, 47, 55, 57
24. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 20
25. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 27
26. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ – 36
27. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 78
28. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 9
29. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 54

седницата продолжува

I/1 РД/ЛБ

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕПКИ**

**од Шестото продолжение на шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 18.08.1993 година**

Седницата започна со работа во 14,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Ферик Садику, Јаким Ивановски, Димитар Димитровски и Симеон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по амандманот на член 9, за додавање на нов став 2 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОПЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Амандманот на член 9 се однесува за тоа во избирачкиот одбор не можат да бидат кандидирани пензионирани лица, туку целта на амандманот да им се даде можност на армијата од 200 илјади невработени во Македонија, тие да имаат приоритет при изборот на лица во овие избирачки одбори. Самото искуство од првите парламентарни избори покака дека претежно во овие избирачки одбори, седат воглавно стар луѓе, пензионирани, а ние како држава имаме повеќе од 200 илјади

I/2

невработени лица, млади луѓе, кои што сум сигурен дека на многу подобар начин, поекспедитивно и почесно ќе си ја завршат својата работа во избирачките одбори. Повторувам дека за мене работата во овие избирачки одбори, тука е местото и можноста каде што се правеа најмногу манипулации за време на првите избори и затоа сметам дека треба да им се даде можност на младите и на невработените лица да бидат тие претежно кои ќе бидат избирани за членови на избирачки одбори и со таа цел го предложив овој амандман на членот 9. Се надевам дека ќе биде амандманот поддржан од Парламентот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници бидејќи ја водам Комисијата за труд и социјална политика, а пензионерите се асоцијација која влегува во овој дел, а бидејќи амандманот се однесува посебно на пензионерите, јас да ви кажам право мотивот за поднесување на овој амандман од господинот Пановски, не го разбрав до крај, меѓутоа, тој даде некое образложение, го надополни ова образложение кое е дадено во амандманот, меѓутоа тоа е сосема штуро и не го дообјаснува освен тоа дека член на избирачкиот одбор не може да биде пензионирано лице, а измената се предлага заради поекспедитивно и поефикасно работење на избирачките одбори.

Сакам да кажам за тежината на самиот амандман. Таа е доста сериозна во смисла на тоа дека овој амандман ги повредува правата и слободите според член 9 од Уставот на 210 илјади пензионери и тоа да не кажам е една петина од избирачкото тело на РМ. Мислам дека со овој амандман посебно го негираме правото и слободата на најголемиот дел на граѓани, кои според своите психофизички способности и другите можности , апсолутно имаат уставно право да учествуваат во секое избирачко тело, да бидат бирани и да учествуваат во процесот на изборите.

Во таа смисла, мислам дека овој амандман не држи да биде прифатен, заради тоа што се коси со уставните определби на член 9, дури и со член 54. Од тие причини јас лично не го поддржувам овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Мислам дека овој амандман не се коси со Уставните определби, како што кажа почитуваниот господин Арсовски,од повеќе причини. Јас ќе кажам дека оваа Влада донесе едно чудо закони, кои што потоа се испостави, Уставниот суд ги прогласи за неуставни, дури и народот македонски се тепаше во Горче Петров врз база на неуставна одлука.

Сметам дека со овој амандман ние им даваме приоритет на 200 илјади млади луѓе, невработени, кои што не можат да си го најдат своето место во општеството, а ако ништо друго барем да им го кажеме дека ги цениме и ги почитуваме тие млади луѓе. Во секој случај психофизичките способности на младите луѓе се подобри од психофизичките способности на старите.

Понатаму, сметам дека,а и убеден сум дека токму кај младите можеме да најдеме чесни и политички неопределени луѓе, додека искуството од изборите покажа дека токму голем дел од тие пензионирани лица, кои што претежно, морам и тоа да го кажам, тие што беа во избирачките одбори беа луѓе кои што беа пензионирани полицајци, пензионирани војни лица, беа и те како политички определени за одредени партии. Затоа сметам дека треба да им дадеме право на младите, на невработените, сметајќи на одговорноста, сметајќи на нивната чесност и сметајќи на нивната партиска неопределеност.

Јас сум длабоко убеден во ова што го кажувам и мислам дека како држава мора да им овозможиме на младите да си го најдат своето место во ова општество. Ова ќе биде еден прв чекор во таа наша верба према младите, а секој може да гласа како што сака, а јас сум цврсто уверен ако гласате како што сакате, дека сите ќе гласате за овој амандман.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Немам намера да полемизирам меѓутоа, сакам да одиме во права ситуација, да не ги повредиме пензионерите, бидејќи стурк- турата на пензионерите е различна. Мислам дека малку се судруваме со еден општ поим на пензионери. Пензионери можат да бидат во однос на старост, инвалидност, а да бидат и семејни пензионери. Така да структурата на пензионерите е сосема различна, така што дел од пензионерите можат да бидат дури и на 30 години а да бидат инвалидски пензионери поради некој физички недостаток, а не интелектуален и во таа смисла тој човек сосема исправно и квалитетно може да ги обавува сите задачи кои произлегуваат од еден избирачки одбор. Во таа смисла се коси со тој однос, а да не зборуваме за друго, дека ние според член 54 слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничуваат само во случаи утврдени со Уставот. А Уставот практично со член 9 е многу дециден и конкретен. Граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расат бојата на кожата, националноста и социјалното потекло ,политичкото и верското уверување, имотноста и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите се еднакви. Во таа смислам мислам дека амандманот комплетно се коси со уставните определби на РМ.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас го поддржувам овој амандман а не сум согласен со тоа што го кажа колегата Арсовски. Ние треба најпрвин да гледаме да ги обезбедиме младите луѓе, а јас сум разговарал со многу пензионери, тие ќе бидат многу позадоволни да им доаѓаат пензиите на

време, а тие што имаат ниски пензии да им се зголемат. А со тоа што тие ќе бидат месец или два во тие изборни комисии нема многу да добијат. Ќе добијат во тој случај ако им доаѓаат пензиите на време и ако им се зголемат.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, за една ситна работа се фативме и добро е што се фативме во еден коштец. Имајќи искуство од минатите избори сведоци сме сите ние како минатите избори се спроведоа. Точно е тоа што го кажа господинот пратеник Пановски дека имаше големи аномалии при изборите, дури претежно некои од тие кои ги спроведуваа изборите на лице место, вршеа на некој начин и притисок. Сведок сум за една таква ситуација, затоа што бев избран како член на одборот за спроведување на општинските избори. Верувајте ми во секоја изборна единица имаше луѓе кои навиваа за поедини пратеници на секој начин да бидат избрани. Значи, изборите се спроведоа под ненормални услови.

Што се однесува до младоста, или до староста, совеста на човекот доаѓа на прво место. Ако сакаме да имаме вистински из- бори, ако сакаме да имаме вистинска демократија во спроведувањето на изборите, пофално ќе се изразам во изборите да бидат помлади луѓе и тоа кои не се вработени, луѓе кои имаат и авторитет меѓу луѓето, луѓе кои не се партиски определени во целост и луѓе кои немаат влезено во играта на политиката. Тоа е многу важно . Тие ќе бидат праведни и праведно ќе одговорат на тој позив. Секоја друга комбинација, ако сметате дека ќе ги добиете изборите, или ќе ги добиеме изборите со манипулации, верувајте ние ќе паднеме многу надоле. Никој не знае кој ќе добие во изборите. Ќе добијат тие кои се вистински луѓе и вистински си ја извршија службата во ова Собрание. Нема да добијат оние кои не беа достојни да

ја завршат и не сакаат да ја вршат службата во ова Собрание. Меѓутоа, тоа е друго. Тоа ќе уследи во предизборната кампања. Сега сум за тоа да се прифати амандманот на господинот Пановски, затоа што има една голема вистина во него. Некој од новинарите ќе каже Митко не го разбираат сите, читав во еден весник, но не го разбирам. Мене ме разбира народот. Незнам зошто се плашите од тој амандман и дали е повреден и Уставот. Мене ми се чини господине Бранко не е поважен уставот, тоа е еден амандман кој треба да се прилепи КОЃ тој закон. Меѓутоа, треба да се додаде дека треба да ги отвориме вратите и на помладите луѓе да учествуваат и да придонесат на тие изборни места кај што ќе бидат избрани. Немојте да настојувате за тоа, затоа што тој што ја има власта, знам дека ќе манипулира. Не сакам да се фаќам со некои министри или поодделни пратеници. Но кај човекот е тоа, ако имам тука луѓе мои, да ги ставам моите луѓе да добијат. Фактички тој не добива ништо, тој се осрамотува, подоцна тој ќе се осрамоти за делото што го направил. Не може повеќе народот да се лаже со празна стомна. Помина тоа време. Еве напијте се, а внатре нема капка вода. Вистината е таа. И затоа не сакам да долговлечам, ве молам прифатете го амандманот на господинот Пановски.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Чудно е кога немаме ограничување за пензионерите да бидат избрани како пратеници, а од друга страна дури бараме да не бидат членови на изборните комисии и избирачките одбори.

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

Како образложение за не прифаќање на амандманот на господин Пановски ја само ќе го прочитам член 9 од Уставот на РМ, кој вели : "граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви". Мислам дека ова е доволен аргумент и одговор на еден таков амандман поднесен од господин Пановски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пред сакам, принципиелно да кажам дека можеби, може да се толкува овој амандман поднесен од пратеникот Михаил Пановски дека е на некој начин дискриминаторски спрема одредена категорија на граѓани на РМ, т.е. спрема пензионерите. Меѓутоа ако се осврнеме на избирачките одбори. што беа во првите повеќепартиски избори во РМ, ќе видиме дека навистина пензионери многу малку учествуваа во избирачките одбори. И тие што беа избрани во тие избирачки одбори, тоа е факт, но и факт е дека беа пензионирани службеници или работници на Министерството за внатрешни работи. Јас, и ако е дискриминаторски би го прифатил амандманот ако има и едно проширување да стои "и вработените" да не можат да бидат во избирачките одбори зашто таа дополнителна работа на некој начин на некому ќе му создава дополнителни средства, а заложбата, објаснувањето дека навистина нашата младина не може да најде работа,

на некој начин (реакции на пратениците од левата страна) ќе ве сочекам господа од СДС да престанете со вашите дискусии од место и ќе ја продолжам дискусијата понатаму. Имам трпение. И затоа мислам дека може да се дојде на овој начин за тие месец или два колку ќе се одржуваат изборите навистина младите луѓе, а гледаме што се случува со млади- те, се препуштени сами на себе, немаат никаква перспектива, ниту пак оваа Влада им овозможи некаква перспектива, коалиционата Влада зашто гледам коалиционите партнери се против вакви амандмани каде што на некој начин сакаме на младината да и овозможиме да добие барем некои средства да си ги задоволи потребите, да купи еден пар фармерки или еден пар папучи итн. Гледам дека не сакати да им помогнеме. Меѓутоа, ќе кажам дека 240 илјади пензионери нема да бидат дискриминирани на овој начин од проста причина што кажав пред малку дека многу мал дел од нив ќе бидат вклопени за да добијат дополнителни средства. Меѓутоа, сите би ве потсетил Вас, почитувани пратеници особено од позицијата односно односно од коалиционата Влада дека тие исто наши пензионери што се 240 илјади, ќе повторам, 2 или 3 месеци им доцнат пензиите и се поделени во три групи. Јас ќе ве запрашам зошто, кога опозицијата предложи да се расправа за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да има посебна седница Вие не кренавте рака, а сега излегува дека сакате и сте борци и со заложба за пензионерите. (Реакција од место со дофрлувања) Јас не довршив уште, верувам , а така беше средствата за јавно информирање цело време тврдат дека вие од СДС сте многу културни и пратениците од ПДП, па ќе ве сочекам да завршите за да продолжам понатаму господине Халили Ве видов денеска во првиот ред на прославата на армијата на РМ, а вие бевте против приемот на РМ во ЌЕБС. Нека ви служи на чест. (Пак реакција од пратениците) Ќе продолжам кога Вие ќе престанете од ПДП и СДС. Имам трпение ќе ве сочекам. И затоа мислам и му предлагам на

предлагачот на амандманот да го прошири амандманот, не само на пензионираните, туку и на вработените лица за да не можат да бидат членови во избирачките одбори и така би било во функција на оние што не се вработени односно нашата младина на некој начин да дојде до некои средства. Тоа е мојата препорака до предлагачот на амандманот и за еден таков проширен амандман јас ќе гласам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас со сигурност можам да тврдам дека овој амандман што е поднесен од страна на пратеникот Пановски кој што беше поддржан од господинот Стоиле Стојков, односно од нивната пратеничка група, исто би бил поддржан од страна на нашата пратеничка група, доколку јавно признаат дека е ова став и на нивната партија дека на овој начин ќе го решаваат проблемот на невработеноста на младите односно само на 4 години по стотина души.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Халили за реплика зашто беше претходно спомнат.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господа пратеници јас кога го спомнав Стоиле Стојков (реакција од пратениците на опозицијата), јас не го спомнав дека на неговата рака пишува АРМ, туку ЈНА. Затоа тој не носи кратки ракави. (смеа во салата).

(Во меѓувреме со седницата продолжи претседателот Андов

II/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господино Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Нашата пратеничка група како опозициона пратеничка група не е на власт за да го решава прашањето со младината. Мислам дека тоа е пред се во секоја држава прашаше што треба да го реши Владата, во овој случај коалиционата Влада на СДС, ЛП и ПДП-НДП. Што се однесува до инсуациите на господинот Халили кој тврди дека нешто ми пишувало на раката, може да дојде самиот да провери и да се увери дека тоа не е точно, затоа што (смеа во салата) затоа што пак ( реакции, смеа и врева во салата со дофрлувања). Ќе дозволите господине Халили сигурно, да си ја довршам мислата, како културен човек вие сте професор по француски јазик, нели, културен човек сте. Ќе ве сочекам. (Во салата разни дофрлувања).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Немам намера стриптиз да менувам во парламентот. Парламентот го сметам за една институција. која е 'пред се од интерес за државата и треба да бидеме сериозни, а со вакви инсинуации, тоа може да се реши во некоја соба во парламентот, повелете слободно - (смеа).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Немав намера да дискутирам, но слушајќи ја расправата по овој амандман, навистина ми станува не јасно, како може едно решение кое

повеќе од сигурно е неуставно, кое по својата смисла е дискриминаторско, на кое како парламент немаме право да одлучуваме, не сме надлежни да одлучуваме, на некој да му го скратиме правото за кои права и слободи и во нашиот Устав се гордееме и се публикуваме како најшироки во европски и светски рамки ( дофрлување од место). Амандман кој најверојатно е предложен поради некое претходно лично оптоварување на подносителот од структурата на членовите на избирачките одбори во досегашните избори што кај нас се спроведоа, парламентот не треба да одлучува за работи што се предлагаат поради оптоварување на одредени чувства. Предлагам да се прекрати расправата и со гласање да се отфрли овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Евтим Манев:

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, различни размислувања по однос на поднесениот амандман и тоа од несоодветни причини . Најнапред се зборува дека преку амандманот се скратуваат уставни права на граѓаните односно на пензионерите. Лично сметам дека уставните права не се ускратуваат со поднесениот амандман, затоа што поднесениот амандман не зборува за активно избирачко право туку зборува за пасивно бирачко право. Пензионерите некој треба да ги предложи. Со овој Устав и со повеќе закони има без број ограничувања кај граѓаните што не можат да ги извршуваат. Секој не може да биде судија. Јас би зборувал во интерес на амандманот и го поддржувам од следните причини. Сметам дека не усќратуваме права на граѓаните, пензионери туку ние во голем дел ги оптоваруваме со обврски. Причините се во тоа што луѓе пензионери, поготово, се обраќа во еден правец во салата и

вели:) - можете да се смеете колку сакате Вие, само кога ќе бидете пензионер да Ве предложат да бидете во бирачки одбор. Затоа што изборната постапка, бирачките одбори излегуваат на изборно место од 7 наутро навечер до 19,00 односно до 24,00 часот. Дали нашите пензионери, ако тие стекнале право да бидат пензионери затоа што сепак тие не се способни луѓе да вршат работа. Ние вака ги оптоваривме да вршат работа 12 часа. И тоа не е не работа и тоа е и те како одговорна работа за мене. Многу луѓе од таа категорија не можат ни во бирачките спискови да се најдат. не можат да читаат. Остарел, не гледа. И сметам дека со ништо не се коси со Уставот тоа. Токму со ништо. Ние во голем дел дозволуваме и други грешки, само може во друга прилика. На пример отиде судијата во пензија, значи не може да ја врши функцијата, а после станува поротник. Ако бил тој способен и понатаму ќе работел. Ние мора да одредуваме што може и кога може граѓанинот. Сепак од тие причини треба да се прифати амандманот, а не од материјални причини дека некој ќе се стекне со пари со работа од еден или дава дена или пак дека го скратуваме правото на граѓаните. Воопшто тоа не се ускратува, само можеме да ги растовариме од обврски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господа пратеници, ама баш никаква намера немав да дискутирам за овој предложен амандман, меѓутоа малку ме наведе дискусијата на човек правник, господинот Ефтим Манев, неговото толкување за овој амандман. Мислам дека никого не можеме ние, прво не можеме сами себеси да се излажеме, да се правиме толку наивни дека не знаеме што

сакаме, ние сите знаеме што сакаме преку овој амандман. Сите мислиме кој на една кој на друга страна, а дека е спротивен ан Уставот, е спротивен. Тоа е изворно право на човекот, на граѓанинот со неговото раѓање стекнува право да биде во избирачки одбор, да биде биран да избира и т.н. и т.н. Ние имаме претседател на држава пензионер. како смееме така да мислиме воопшто. Сите комшии, цел свет J«е плука на нас. Ова за нас е срам ваквиот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Рамадани.

**ХИСНИ РАМАДАНИ:**

Имаше многу дискутанти за овој амандман, меѓутоа, како што велат турците јас ќе кажам"догри" - вистината. Со овој амандман односно се сака да се постигне нешто што никој тука не го кажа, особено од опозицијата. Опозицијата веројатно се плаши дека ако во овие комисии односно избирачки одбори бидат членови и пензионери, тоа значи дека тие припаѓале на една партија која беше комунистичка партија и со тоа сакаат да се постигне дека тие нема да бидат наклонети и објективни. Меѓутоа, јас ви велам дека исто така и ние кои седиме тука, бевме 80% од овие пратеници, членови исто така на истата партија каде биле тие пензионери. И немојте, ве молам, сите се криеме под плаштот на други партии сега, меѓутоа и ние бевме членови на таа партија затоа што беше еден систем односно треба да признаеме дека бевме. Сега, исто така, јас мислам дека не е фер и многу вака, дури и непоштено се однесуваме кон една генерација на луѓе кои се пензионери, кои исто така можат да обавуваат такви работи односно функции еднократни, затоа што тие ќе

бидат во тие одбори, ќе ја завршат нивната работа. А исто така сите ние знаеме дека од тие бирачки одбори нема да бидат само пензионери. Тука ќе бидат инкорпорирани по еден пензионер и 5 или 6 други луѓе. Така што навистина нема смисла еден ваков однос кон луѓе што се пензионери односно кон една таква генерација, затоа што од една страна велиме дека треба да им се дадат пензиите на време, да им се покачуваат пензиите, а од друга страна велиме дека тие не се способни апсолут- но да извршуваат никаква функција и работа. Дајте ве молам, начисто да бидеме тука е работата и мислам дека не би требало да се прифати овој амандман затоа што навистина тоа е дури и една навреда за една генерација луѓе кој исто така вакви работи можат да обавуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стоиле Стојков:

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пред малку присуствуваме на еден еклатантен пример како дискусијата на пратениците од опозицијата во конкретниов случај од ВМРО-ДПМНЕ/ како на некој начин се прикажува во едно светло и со едни зборови кои овде никој не ги искажа. Да се разбереме - од тие 240 илјади пензионери јас верувам можеби 10% биле членови на таа бившата комунистичка партија, еве нека бидат и 20%. Меѓутоа, тоа не е грев. Зошто не е грев? ВМРО-ДПМНЕ никогаш не биле против обичните членови, што биле членови на таа комунистичка партија, затоа што секогаш се знае дека таа партија беше строго централистичка и по својата вокација тоталитаристичка. ВМРО-ДПМНЕ цело време тврди дека за 50 години раководната структура на таа Комунистичка партија работеше против интересите на македонски народ.

II/9.-

И тоа е вистината. И не може сите 240 илјади пензионери да се ставаат, затоа што амандманот се однесува на пензионерите, да се ставаат дека биле членови на таа Комунистичка партија. Јас верувам дека некој од пензионерите ќе биде навреден со тоа. Сигурен сум!. Меѓутоа, ако внимателно ме слушавте, а не од место да дофрлате како културни луѓе, сигурно ќе слушневте дека јас кажав и тоа е ставот на ВМРО-ДПМНЕ, дека можеби да се толкува дека амандманот е дискриминаторски за одредена групација на граѓани на РМ, пензионерите, меѓутоа во интерес и затоа му предложив на предлагачот да додаде "и вработените", тие се минимални средства, меѓутоа средства што можат да придонесат нашата младина реков да купи бар по еден пар фармерки или по еден пар патики. Тие средства се толку минорни, а вие исто како сега од место што реагирате, треба да реагирате на време да им се исплаќаат пензиите на пензионерите на кои им доцнат по два три месеци, а не сакате да бидат како точка на дневен ред. Тоа е факт господа и тоа сите пензионери го знаат дека Вие не сакавте да има таква точка за расправа. Тоа е едно и втора работа е - треба да се потсетиме дека тие 240 илјади пензионери во РМ си ги заслужија пензиите. Тие 40 години извојуваа за тие пензии, а денеска Вие како Влада не сте способни да им ги обезбедите. Тоа е вашата кривица. И затоа велам дека се возбудени и од место дофрлувате. Во ред е, господине Бојковски, знам дека сте на некој начин револтирани затоа што сигурно и од вашето претпријатие има пензионери кои немаат да јадат леб сега. Тоа сакам да го слушнам овде од вас

Така на тој начин да дискутирате. Зошто државата не може да ги обезбеди пензиите на пензионерите. Тоа е прашањето господа. Тие пензионери ја градеа оваа македонска држава 40 години со својот труд

Затоа велам ако предлагачот го прошири амандманот, јас ќе гласам лично за таков амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Момент, само сака да интервенира министерот Гошев.

III/1.- СП-ВБ

**ТУШЕ ГОСЕВ:**

Мислам дека треба да ја прекинеме дискусијата затоа што амандманот е некоегистентен и прави колизија во самиот закон.

Ако го погледнете членот 7, став 2, каде кажува дека членови на изборни органи, како и нивни заменици, можат да бидат само лица кои имаат избирачко право. Согласно членот 22 од Уставот на Република Македонија кажува кој има избирачко право. Затоа сметам дека Собранието е беспредметно да го расправа самиот амандман и нема потреба и секаква друга расправа би била само обична манипулација со Собранието.

Сакам и тоа да кажам почитувањето на Уставот е право и должност на членовите на Парламентот на Република Македонија. Не го прифаќам и тоа дека активното и пасивното бирачко право се две страшно тие се две страни на една целина и тие не можат да се одвојат затоа што кој има право да бидам има право да биде биран. Затоа не ја прифаќам тезата на господинот Манев дека му припаѓаат на две страни. Крајно демагошки е оти тоа го прави граѓанинот како деловно неспособен може да гласа, а не може да биде биран. Јас пак инсистира! на тоа дека амандманот е некоегзистентен и Собранието како таков не може да го прифати затоа што прави правна колизија во самиот закон. Членот 7 кажува кој може да биде член на избирачкиот орган, а членот 22 од Уставот кажува кој има избнрачко право на РМ. Ако сака Собранието да расправа за тој амандман, тогаш треба целокупна коегзистенција да направи на членовите во една хронолошка целина на самиот закон да утврди точно каде секаде се употребува тој термин, а не може само со еден амандман вака да го прави дефектен самиот законски проект и да прави правна колизија во самиот закон.

Мислам дека е беспредметна секоја друга дискусија.

III/2.-

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Господинот министер објасни дека во Уставот во избирачките одбори можат да бидат граѓани кои имаат избирачко право. Неспорен факт е во тоа. Моето залагање по однос на прифаќање на овој амандман јас го кажав од кои причини. Јас исто така сакам да кажам дека во Уставот стои дека сите граѓани на Република Македонија имаат право на работа. Но, исто така со закон со одредени години сите тие граѓани што имаат право на работа им престанува тоа право и одат во пензија. Што има цел ова со ова господине министре. Тоа е исто. Јас зборувам од причини и воопшто не се впуштам во работите дека се ограничуваат правата. Јас сметам дека во голем дел пензионерите се оптоваруваат со тоа што најлесно е кај пензионерите да се делува од страна на изборните комисии. На пример кога избираат една изборна комисија во една општина која има 20 до 30 изборни места ги избираат оние најлесните пензионери кои прифаќаат да бидат таму, а тие не можат да ја завршат работата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Видете во што е суштината. Суштината не е во нешто дали е способен, дали е добар пензионер или лош пензионер, дали зел пензија или не, знаеме во каква состојба е пензионерот затоа сме виновник можеби сите ние што на некој начин тие пари од таму си отидоа. Сега немаме можности да им платиме. Тоа е грев и на нас сите н на Владата. Меѓутоа, сакам да кажам само два-три збора за да ме сфатите Во што е суштината? Сите пензионери се добри, но меѓу добрите има пензионери кои на некој начин и ден-денеска сакаат да го задржат тоа старото. Да си ја ставиме раката на срце. Е сега на минатите избори откако е избран овој состав на Парламентот во сите изборни единици беа такви пензионери кои ВМРО го гледаа со едно око, не со едно око туку со пола око и секој пратеник или одборник кој требаше да биде избран во

дотичната изборна единица тие гледаа на секој начин да го манипулираат, да ги манипулираат изборите и да бидеме искрени еден ден тоа ќе излезе на виделина, БМРО изгуби повеќе пратеници. Таа е целата вистина.

Значи, не треба и не може никој да биде против и не гледам во амандманот дека пишува да бидеме против пензионерите. Туку само давање на образложение. Меѓутоа, суштината е во тоа што можат да бидат и пензионери, но кои пензионери? Пензионери кои уште ја држат сликата на Тито и се колнат во неа? Сум влегол во многу куќи да ви кажам право. Тој да го утепаш тој не се откажува од тоа макар да го убиеш и утре тој ќе дојде во мојата изборна единица или во било која изборна единица и ќе си ја стави сликата во џебот и пет пати ќе го гледа Тито или оној што му беше претпоставен на времето кој го командуваше значи тој е робот, тој човек станал робот. Такви луѓе не можат да бидат во изборни единици. Ќе ве молам сите партии да го имате тоа на ум и да не дозволите на изборните места да има такви луѓе. Младиот човек е ослободен, дајте да му дадеме пат кој го бара демократијата, кој го бара Европа оти стално велиме и се биеме во гради дајте и младиот човек нека се афирмира и нека влезе во суштината на изборите. МИ се чини дека помала манипулација ќе направат младите луѓе отколку старите. Значи, тоа е вистината друго се што ќе кажеме тука ќе биде половина лага или 80% лага. Јас не сакам рејтинг јас не сакам ништо ако мене лично ме прашувате. Најискрено ви велам и не е демагогија, бидејќи бев присутен во такви одбори, ги гледам луѓето кои се.

Еве еден случај, нека слушне тој што го кажа. Мојата госпоѓа, мојата стара баба =т.е. жена ми утредента по изборите, бидејќи двапати се повторија изборите на првиот круг многу водев и на вториот круг катастрофално го тепав и едниот и другиот и третиот меѓутоа, што стана,

внимавајте сега што стана. Мојата стара отиде да купи нешто од пазарчето, а повеќето изборни единици беа тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде за амандманот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Токму за амандманот. Сега видете што стана. Двајца од тие бивши полицајци, тоа ќе го наведам, кои беа чувари на изборните места велат, а бре добро ни одеше, мајката, но како не тепа бе сите. Знаеш дека како масло течеше работата. Се чудеа и тие каква грешка направиле што не изманипулираа малку повеќе, па да дојде оној вториот. Такви работи не треба, тоа се смешни за слободните демократ! за Европа. Тоа е смешно. Јас гледав сега во Јапонија како се фрлаа тие избирачки хартии во компјутерот, се броеја, тоа е направено таму не се мешаат луѓе внатре. Значи, тоа е вистината и тука да се внимава најмногу, а не е никој против старите, против пензионерите. Овие деца што се без работа ќе земат некој денар.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Посебно почитуван претседателе на Собранието, посебно почитувани дами и господа. На говорницата овде продефилира еден пратеник од ПДП господинот Исмет Рамадани. Јас од досегашните мои културни и етички шеми малку ќе излезам и за да ме убеди во онаа теза што овде ја поставив, сакам токму амандманот е врзана таа дискусија, да ме разубеди во неговата теза ако каже во овој Парламент која е разликата помеѓу Албанец, Арнаутин, Шиптар и помеѓу комунист, ВМРО-вец и Македонец, после ќе дискутираме.

III/5.-

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас мотивот на овој амандман го гледам во следното. Ако може Републичката изборна комисија да ни презентира по азбучен ред до сега што беа на гласачките кутии лица, ќе забележите дека немаше ниту еден бочвар пензионер, ниту еден дограмаџија , ниту еден металостругар, туку сите беа личности кои не беа случајно ставени на таа листа. Ние не можеме да се залажуваме со една работа затоа што во овој Парламент има и помлади и повозрасни луѓе кога на тие гласачки кутии, посебно ние имаме претстава во Битола кои беа, дали се работи за личности кои 1948-1949 година влегуваа по куќи и ги пљачкаа луѓето дали килими, намештај си ги земаа по куќите и ги продаваа на житни пазар за ниска сума на пари или ќе бидат нивните деца или нивниот брат итн. Немојте да се залажуваме дека некој случајно на кутијата беше на изборите. Ако ние како партија не побаравме од Собранието на Битола да ни дадат легитимитет да бидеме чувари на тие кутии, тоа ќе беше катастрофа. Ние, на еден начин, да речам буквално им се securities заканивме. Ако случајно се направи некоја малверзација ќе има и физичка пресметка. Ние треба да се разбереме за следното. Сите оние кои 1948 година повторно велам влегуваат како бандити по домаќинските куќи им ги пљачкаа имотите и ги продаваат на житни пазар истите тие личности ги гледавме или нивните браќа или нивните деца на гласачките кутии. Не можеме да се залажува> дека ќе има некоја демократија сега со ова. Ако може Републичката изборна комисија да ни извади еден список, ако случајно има некои домаќини, велам занаетчии дали дограмаџии, ковачи, калајџии и други врсти занаети, ќурчии,пардон, а за разлика од тоа маса од граѓани домаќини не излегоа само што не сакаа да ги видат на гласачките места, не можат да ги поднесат истите луѓе. 45 години ги гледа овие луѓе, па

III/6.-

сметаме дека овој амандман е на место. Доволно е ако сакаме да правиме лажна демократија, јас сметам дека смислата на овој амандман е тука. Не сме против пензионерите и татко ми беше пензионер ама никој не го викна, беше чесен граѓанин, не го викна да седи на гласачката кутија, па ниту ќе одеше затоа што требаше таму да лаже, а мојот родител не знаеше да лаже. Овие луѓе што ги ставаа знаеја да лажат, да крадат а и магупски работи да прават.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Кога би му одговорил на господинот Котевски со безобразлук исто така би го прашал и јас што значи Македонец, Гаурин и Шкавел. Јас се извинувам што паднав на едно вакво ниво, а интелектуално би ти одговорил почитувајќи големи луѓе што кажале - Монтескје кажал дека тој е граѓанин, а случајно е и Французин. Јас сум граѓанин и Албанец.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, излегувам по трет пат, јас го образложив мојот амандман, но бидејќи изгледа поедини пратеници се големи мајстори во манипулирањето и имаат доволни ораторски способности да ја извртат секоја можна теза, излегов да појаснам некои работи кои беа кажани овде од говорницата, а се со цел да ги извртат работите.

Тука повеќе господа меѓу кои и министерот господинот Гошев, господинот Ефтим Манев, Љупчо Поповски се задржаа меѓу другото во своите искажувања на тоа дека амандманот не е уставен и тоа дека ние како пратеници не смееме да гласаме неуставни работи. Јас се прашувам јавно со кое морално право некој може да си го постави тоа

прашање, а истите тие гласале, предлагале еден куп неуставни закони, врз основа на неуставни одлуки се тепал народот, дозволуваме нашата македонска полиција со регистрациите на неуставен начин да се бележат односно со латинични букви иако според членот 7 од Уставот македонски јазик и кириличното писмо се официјални јазици, значи на неуставен начин се поскапуваат цените на електричната енергија, имаше и тужба од Лигата за демократија на времето до Уставниот суд, потоа парното греење и ред други работи. Значи, некој кој перманентно го крши Уставот овде ни продава лажна демагогија дека се предлагаат неуставни амандмани. Тоа со индигнација го отфрлам и мислам дека членовите кои ја поддржуваат оваа коалициона Влада е најголемо лицемерие да зборуваат за почитување на Уставот односно предлагање уставни или неуставни акти. Времето покажа дека тие за цело време предлагаат неуставни акти и потоа Уставниот суд им ги враќа како неуставни.

Господинот Ефтим Манев многу добро објасни господа од мнозинството во Парламентот за уставноста на овој мој предлог – амандман.

Понатаму, овде на секој начин се сака да се докаже дека амандманот е насочен против пензионираните лица во Република Македонија. Јас тврдам дека амандманот е токму во интерес на пензионираните лица во РМ,

Најглавното е тоа што овозможува да се растоварат од своите обврски пензионираните лица беше носечка идеа кога го предлага овој амандман. Исто така објаснив, кажав пред малку и пак ќе повторам дека целта на предлогот на амандманот беше да се вклучи огромната армија на невработени лица, да се искористи тој потенцијал на оваа Република за време на изборите, како идејно и политички неоптрозарен потенцијал што го содржи оваа Република.

Доколку господа од коалицијата навистина вистински се грижевте за пензионираните лица, овде имаше предлог,ако не се лажам на 64-та седница на дневен ред да се воведе проблематиката на доцнењето на исплатата на пензиите и состојбата со пензискиот фонд. Зошто тогаш не ја гласавте таа точка да дојде на дневен ред ако навистина се залагавте за вистинскиот интерес на пензионираните лица во РМ.

Понатаму, господинот Љупчо Поповски настапи со еден навистина провокативен начин сакајќи да иритира одредена личност односно мене јавно да признеме ние како партија дека на овој начин ќе го решаваме прашањето на невработените, дека не се грижиме за пензионерите, го цитирав, јас само ќе кажам дека партијата на која тој припаѓа со децении, бидејќи нивниот претставник на Уставниот суд кога се работеше за имотот кажа и тоа е став на СДС, сегашен, дека се тие наследници, јас го почитувам тој нивен став дека се наследници на бившата Комунистичка партија кога се работи за имотот, но тој што претендира да биде наследник на некои работи, мора да биде наследник и на хипотеката на таа партија. Јас само ќе спомнам дека неговата партија на координаторот на СДС на еден брутален начин пензионира пред 4-5 години, не се сеќавам точно цела генерација интелектуалци врвни умови на оваа Република Македонија (упаѓање во дискусијата) господине Поповски ќе имате прилика ќе се јавите, ќе реплицирате.

Понатаму, вие господа ја имате власта, имате можност да кажете на кој .начин ќе го решавате проблемот со невработените, а ние тврдам дека имаме свој концепт да го решиме проблемот со невработените и доколку народот ни укаже доверба на изборите ние знаеме како ќе го ресиме проблемот со невработените (аплауз) ви благодарам на аплаузот сите што сакаат можат да повелат овде на говорница и да се искажат, бидејќи некој од вас се избрани да. зборуваат, а не три години само да молчат и да гласаат.

III/9.-

Сакам само уште да се осврнам на пратеникот Панчо Минов кој кажа дека амандманот е предложен од некои лични оптоварувања, јас навистина незнам на што мислеше, сметам дека се доволно елаборира причините за предлагањето на амандманот, но ваквото цврсто опстојување да се гласа против амандманот кажува одредени работи дека одредени партии се животно заинтересирани одредена структура на граѓани биде во тие избирачки одбори. Јас на неколку пати кажав дека тие избирачки одбори се извори на манипулациите при гласањето н при првите повеќе- партиски избори во Македонија, исто така тука имаше предлог од одре- ден пратеник дека доколку се дополни амандманот овде да бидат вклучен и вработените лица, ми се чини тоа беше господинот Стоиле Стојков во зависност од гласањето јас сум подготвен да прифатам одредени сугестии кои би помогнале и би овозможиле на почесен начин да се извршат претстојните избори во РМ.

Уште нешто само да ве потсетам господа што сте на власт со подсмев и со иронија приоѓате на сите предлози што ги предлага опозицијата, но знајте дека без заеднички договор на тие што се на власт и на тие што се од таа страна што се во опозицијата не можеме да донесеме закони што ќе траат долго време и што сите ќе ги почитуваме.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас ќе признаам дека не се чувствувам компетентен за да дискутирам и дадам образложение околу амандманот, околу неговата уставност или неуставност. Тоа го препуштам на компетентните правници, кои го искажаа своето мислење.

Меѓутоа, јас би бил слободен да кажам дека сепак овој амандман е во спротивност со развојот на демократијата во нашата држава, бидејќи математички кажано мислам дека секое ограничување е обратно пропорционално со демократијата. Овде со овој амандман имаме ограничување. Мислам дека самиот текст на законот е сосема на линијата на демократијата, бидејќи таму е слободно дадено, а ќе кажам , право е на општинската изборна комисија да предлага членови на избирачките одбори, а право е на тие граѓани кои се предложени во тие избирачки тела да ја прифатат односно да не ја прифатат таа обврска. Доколку се чувствуваат способни да ја прифатат, доколку се чувствуваат неспособни или ќе им биде замерено доколку учествуваат во таа работа, тогаш тие не би требало да прифатат. Мислам дека композицијата на законот навистина е во духот на демократијата, во духот на она што треба да се залага и се залага овој Парламент, а мислам дека вакви амандмани кои се спротивни и кои директно удираат спроти демократијата односно кои даваат ограничувања било спротив кого, било да е тоа спрема младинците, било тоа да е спрема пензионерите, било тоа да е спрема вработените и невработените итн., мислам дека не е предмет и не би требало да биде поддржан од овој Парламент бидејќи овде има пратеници кои се членови на пратенички групи во кои не е изоставен зборот демократија, односно дека тие се демократи. Во

согласност со сето тоа навистина треба да бидеме во духот на она што се декларираме, да бидеме прави демократи и да не ограничуваме никакви права во учеството во изборната постапка во следните избори. Од таа причина се залагам овој амандман да не биде прифатен, туку да си остане интегралниот текст на законот, кој ќе повторам навистина во една композиција ја обезбедува токму оваа демократичност.

**ЃОРГИ КОТЕСКИ:**

Се извинувам што повторно излегувам на говорница, макар што одговорот не ги задоволува моите критериуми и моите сознанија. Сепак сакам да кажам според онаа мисла на Монтеские, најлесно е во Македонија да бидеш граѓанин од Косово, Санџак, Босна, бегалец и било што, и најлесно е да бидеш Албанец, но најтешко е да бидеш Македонец во Македонија, а уште потешко е да бидеш Македонец во светот. Меѓутоа, јас како припадник на мојата македонска нација и овие што седат во коалицијата заедно со ПДП - НДП , од мојата нација си ги сакам луѓето затоа што по крв сум ист со нив. И јас ги жалам. Меѓутоа, ги жалам и за едно нешто друго што ќе ни се сл чува во иднина за кое ние Македонците секогаш во одредени историски моменти не наоѓаме згоден момент да се обединиме и да укажеме на заедничките цели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Држете се на амандманот.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Амандманот беше доволно дискутиран, јас само поставив едно принципиелно прашање околу настапите на говорниците и не сакам понатаму да дискутирам.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, во текот на изминатите двеипол години многупати бевме свидетели дека некои непринципиелности постоеа тука кога се донесуваа законите, амандмани на законите, па дури да појдеме и на Уставот. Позицијата овде ни држи предавање и вели дека ова е противуставно. Зарем не беше противуставно тоа да го вметнеме оној член кој што се однесуваше за избор на претседател на Републиката, па каде што на граѓаните од оваа Република до 40 години им ја ограничивме можноста да бидат кандидирани за претседател на Републиката. Тоа се некаде околу 20 или 18 или 17 генерации на луѓе. Според тоа позицијата, мислам дека во овој случај од овој принцип во однос на овој амандман на почитуваниот колега и пратеник Михаил Пановски да не зборуваме. Јас би рекол дека навистина има некои да речеме недостатоци во однос на тој амандман. Меѓутоа, кога и во минатото одевме на изборите секој пат претставници на овие избирачки одбори беа навистина пензионирани луѓе . Од кои причини беа поставувани, тоа им е познато само на луѓето кои тогаш ги поставуваа истите на овие избирачки листови, односно избирачки места. Меѓутоа, сведетели сме и тоа дека во тој изминат еднопартиски систем изборите завршуваа, а и се гордеевме со тоа дека во тоа избирачко место или во таа изборна единица завршиле до 12 односно 14 часот, па овие пензионирани луѓе кои што седеа скоро и немаа никаква работа. Меѓутоа, со плурализмот пред неполни три години состојбата сосема се измени. -Не само што изборите не завршуваа до 12 или 14 часот, туку истите се повторуваа после две недели. На некои изборни места се повторуваа по трет пат , на некои и по четврти пат. Според тоа, мислам дека членовите на изборните места навистина треба да бидат и од други

категории на луѓе, поточно оние кои што се полнолетни ученици, студенти или пак од оваа категорија на луѓе невработени бидејќи мислам дека и гордост ќе биде и на тие семејства па и на пензионираните луѓе нивните деца, синови, ќерки или внуци да бидат членови на овие избирачки места. Сепак, добиениот денар тие ќе си го најдат и ќе го потрошат на право место , за купување на книги, за купување на најнеопходна облека итн. Меѓутоа, на овие пензионери доходот нивен да не им го дополнуваме на овој начин. Меѓутоа, треба доходот да им се дополнува со едни пристојни пензии, пензиите да се исплатуваат редовно секој месец, а не дури пензионерите вчера ја добија последната или трета даречеме група на исплата на пензии за јули. Ова има и те како врска затоа што дискутирате за некои непринципиелни работи, а кога ви се укажува на грешките вие навистина со непринципиелни работи одговарате. Ако дозволувате да критикувате, дозволувајте и на вашите критики да одговараме со соодветни правилни мерки, не со неправилни. Според тоа, мислам дека овие пензионирани луѓе би биле многу позадоволни кога нивниот доход ќе се зголеми од реалните пензии и од навреме зголемените пензии, отколку што на овој начин ќе им се даде некој денар во однос на еднаш, двапати, три пати или четирипати да биде предложен за член на избирачките одбори.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас сакам да укажам на една логична работа , не да навлезам во законот и Уставот дали е тоа уставно или неуставно. Порано се донесувале многу такви неуставни работи па поминале . Меѓутоа, еве пратеникот Благој Тошев

укажа многу убаво зошто треба тоа да се усвои, заради тоа што тие членови што постојано се вметнати од постоењето досега во комисиите и се наведуваат се истите лица со цел да може ако добие кандидат од опозицијата тогаш да може да се изманипулира, да си фрла ливчиња внатре и да победи оној кој што сака. Тоа е оваа игра што не сака да се усвои. Не е толку ни за законот, ни за Уставот. Еве јас ќе ви кажам еден друг пример. Зборуваме за демократијата, дали беше ова сега демократија на денешната прослава на промоцијата на нашата Македонска Армија, јас ја викам така а не АРМ, позицијата ако не е така, ако не си наглува со власта, полицијата, со се, зошто на Михајло Апостолски се слави и се полага цвеќе, а на основоположителот на АСНОМ коп беше првиот иницијатор за првата Македонска Влада и претседател на Влада не се ни спомнува, и не знам дали беа поканети од неговата фамилија, а од друго место позицијата, комунистичката партија си ги покани сите стари комунисти на прославата тука, не можеше да дојде ред друг од оние стари собрани од секаде. Еве е таа демократија, ете како се мести тоа избирачко тело и сега така исто на тој начин ќе се спроведат и тие избори од старите, што се повампирува онаа стара болшевичка партија, се знае кои се против кои не се нивни, ќе се наведат нивните членови во комисиите и ќе дојде да се изманипулира. Затоа, се вели да се внесат кози млади сили не заангажирани, неогрешени во овој систем. Од тие соображенија треба така да тргнеме. Доста веќе еднаш со тие истите, ,затоа нема промени во системот. Има случаи каде што, и дури до таму е централизирана власта, некои се наречува - јас сум држава, иако судот донесува одлука да се деблокираат некои сметки и друго, таму вели - јас сум држава, јас што ќе речам и веднаш му се поништува одлуката. Денес донесува судот ваква

одлука да се деблокира сметка, утрото веднаш му се наредува да ја поништат, пак донеси, пак донеси. Видете дека тука има манипулација со работава. Тука не е постигната правата согласност, правата демократија. Дури, кога во една власт е и судството и изборните комисии, нормално е така дека ќе се одвиваат. Од тие соображенија ви велам дека така треба да биде. Ако бевме демократи, ако навистина ги ценевме борците кои придонеле за ослободувањето на Македонија и создавањето на македонска држава, требаше да ги споменеме и тие и на нив да им положиме букет цвеќиња, а не на некој само што му е зет за сестра.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, длабоко сум навреден од прашањата што ги постави пратеникот Рамадани. Праша што значи Македонец, Гаур и Шкин. Јас сум од тој крај и разбрав, но разбраа и други пратеници од западниот дел на Македонија кои ги има во левиот блок, во позицијата. Македонец е само Македонец, ѓаур е неверник, а шкин е црн ѓавол. Навредени се не само мојата партија и јас, и сите Македонци се навредени, наречени сме црни ѓаволи. Нека ви служи на чест тоа. Исто на левиот блок што молчите за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Исмет Рамадани има реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Прво тоа со господинот д-р Ковачевски што се обиде да образложи нема апсолутно ништо со вистината. Тој правеше некои свои преводи што навистина не стојат , затоа што во народниот јазик се употребуваат

токму тие зборови кои јас ги спомнав, а исто така кои ги спомна и г-динот Котевски. Јас реков, не би сакал да паднам на тоа ниво, меѓутоа, тоа беше една добра провокација, исто така навреда и за мојата нација, затоа што колку можете да се навредите вие г-дине Ковачевски, а вие со такви навреди сте настапиле тука колку пати јас не можам ни да бројам. Но, сум спремен да ви одговорам секогаш затоа што јас ви реков, јас реков, одговорив на едно прашање, на некои прашања дури не одговорив. Јас знам што значи што значи и ВМРО, знам дека тоа е внатрешна македонска револуционерна организација, меѓутоа во превод тоа не значи Ковачевски Тоа никако не значи. Знам исто така и што значи комунист. Меѓутоа, исто така во превод тоа комунист не значи пратеник што седи од левата или десната страна како викате вие. Меѓутоа, на такви господа исто така можам да одговорам и на друг начин. Јас реков сум граѓанин Албанец, меѓутоа, такви господа кои се служат исто така со навреди, јас можам дури и да им поставам други прашања и дури не сум сигурен, навистина не сум сигурен, тие кои многу се повикуваат на македонштината дури не сум сигурен во овој случај колку се Македонци. Затоа што вие секогаш ја напаѓате коалицијата, вие ги напаѓате господата од СДС, не ги напаѓате затоа што тие се СДС, туку ги напаѓате затоа што во таа коалиција сме ние ПДП. А јас ви кажувам и тука од оваа говорница и кажав еднаш дека ПДП ќе биде константа во оваа Македонија без која не ќе се може и било кој да дојде на власт во РМ мора да биде тука и ПДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сеедно ПДП е само една партија и нејќеме партиски пропаганди.

IV/8

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Една партија не може да има власт, а власт во РМ не може да има никој без ПДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Партиски настапи не се добри.

Господинот Ковачевски беше спомнат.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, без секого се може, па и без ПДП се може. Тоа да ви е јасно.

А не што јас очекував од пратеникот Рамадани да се извини што го нарече македонскиот народ црн ѓавол. Тој не се извини

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (од место)

Тоа ти го велиш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ве молам, тишина.

V/1 ПЈ/ПН

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

А сега да му кажам нешто што значи арнаути, бидејќи тој не го кажа тоа. Нашиов народ од памти век ги вика нив арнаути. Тоа е и во народните песни ако земеме Лешовскиот манастир сардисале го арнаути, Слатинчани. Тоа е во народните песни. Има и уште многу други, за Џемо и други песни. После, во Крушевскиот Манифест тој повик арнаути, Турци, Македонци и тие не биле никогаш навредени. Ако земеме во АСНОМ исто арнаути, не биле навредени. После војната почнаа да се викаат Шиптари, или шкиптари, Албанија се вика Шкипнија и нема ништо навредено. Кога ќе сака некој Шиптар да се каже ќе рече"А ем шкип" - Јас сум шиптар. Зошто да се наведува како шиптар. И сега на крај се трансформираа во Албанци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде ве молам, објасненијата да одат ако може во врска со амандманот.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Тие три пати се преобразуваат. Затоа е оваа состојба сегашна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може само една напомена, ќе одиме далеку во историјата, ќе се оддалечиме или во лексика некоја ќе одиме или во литература. Главно, се оддалечуваме и гледам како се лизга расправата надвор од нејзините рамки за што се собравме, едвај се собравме. Ве молам и на сите ви укажувам еднакво се однесува.

V/2

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас ама навистина немам потреба господинот Ковачевски да ми ги објасни некои работи. Немам потреба, затоа што знам дека нема способност ниту интелектуални да ми објаснува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, внимавајте како се однесувате еден спрема друг.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас ви велам така ги поставува некои тези толку цинично, а јас ви кажувам Оскар Вајт рекол: "Тие луѓе кои се цинични можат да кажат само за цените, а не и за вредностите".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак за збор се јави Кирил Ковачевски. Апелирам кон вас да се држиме на ова што е предмет на расправа да поработиме денес.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Како што кажа немам интелектуални способности, но јас сум лекар и доктор, а лекувам и мозоци, па нека повели кај мене да му го излекувам и мозокот и да знае какви способности имам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, ако имате нешто еден на друг да си кажете непријатно, можете тоа и надвор од седницата, верувајте, или да се разберете итн. Дајте да се држиме на ова, да не прекинуваме со

седницата. Јас знам сега тоа е, ама не ми се прекинува, зашто ние еве работиме.

Ве молам, господин Горчевски.

**БОРКО ЃОРЧЕВСКИ:**

Јас ќе се обидам да се вратам на амандманот, колку ќе успеам, ќе видиме. Од кој аспект јас го гледам амандманот и зошто би го прифатил. Доста дискусии овде имаше и од она што мислев јас да кажам ми беше одземено односно речено, само реков од кој аспект и зошто би гласал ќе кажам. Овдека ми се чини дека постои некој страв од сопствениот народ и од сопствените бирачи. Затоа, овде се развлекоа дискусиите на се и сешто и се оддалечивме од тој амандман. А зошто велам страв од сопствените бирачи. И досега јас никогаш не сум рекол да му се одземе правото на некои што има уставно право да гласа или да не гласа. Може секој да гласа за што не се задржувам, тие се веќе правнички работи, правниците тоа нека го расправаат, туку ова што реков страв од сопствените бирачи. А кој има страв? Оној што има нешто сторено, оној што има нешто може би заграбано, тој се плаши да не го изгуби, а оној што нема ништо, нема од што да има страв. Тој не се плаши од сопствениот народ. Тоа е тоа. И досега пензионерите не биле никогаш исклучени и не би требало пак да се исклучуваат од тоа гласање. Јас сум сигурен дека барем 90% од тие пензионери имаат свои внуци, свои синови што не се и вработени. А тоа е секако од пониската и средната класа на пензионери. Од повисоката односно добро што земаат повисоки пензии тие му 'се вработени и внуците и синовите и земаат добри пензии, а верувам дека тие ќе бидат наместени на гласачките места. А оние слабо ситуирани пензионери  со ниски пензии или средната класа

ниту биле до сега на тие гласачки места ниту ќе бидат. Затоа, реков кога би гласале односно тие пензионери кога би се прашале 90% од нив би рекле дека ние му го препуштаме местото на младите односно на сопствените деца и синови и внуци барем некој денар да земат, еден овде се изрази барем за едни фармерки. Јас сум сигурен дека во оваа криза нашата млада генерација, односно онаа армија на невработени, сигурен сум дека од срце ќе се израдуваат дека барем дел од нив ќе бидат опфатени. Затоа јас би го прифатил овој амандман да бидат исклучиво само невработени. Само невработени, макар да имаат право, ова е лично мое мислеше, јас со радост кога го прочитав тој амандман реков дека таму сите ќе помислат на оние невработени и сите ќе гласаат ама без никаква примедба. Затоа, од тој аспект јас ја гледам оваа работа. Овде сигурно некој се плаши да не не биде избран и затоа сака да мести по тие ливчиња. И вчера реков дека има демократски избори и нечесни избори. Сега бараме некаква демократија, а пак одиме со нечесни избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Трајковски.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, едно да ни биде јасно, дека следните избори кога ќе бидат закажани од овој Парламент нема да биде можно да се добијат на оној начин на кој што и одговара на коалицијата, нема да бидат добиени избори со сила и со сите тие удбаши и полицајци што беа на претходните избори. Чудна е малку и намерата и граѓаните тоа што прашуваат за не прифаќање на ни еден од понудените амандмани. Пример е и амандманот поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Владата ни ги понуди овие закони по итна постапка и еден месец коалицијата не може да се собере за предвремени, всушност овие закони се нудат за избори. Денеска како што работиме ние ќе почнеме овде да решаваме социјални случаи, а не законите. Во секоја демократска земја се тежи изборите да бидат што подемократски. Сите ги знаеме слабостите од минатите избори, а точно можат да се земат примери каде, во кој изборни места се гласаше по 2,3 или 4 пати. На оние места каде што имаше претставници од сегашнава коалиција тоа многу малку се случи или воопшто не се случи. Затоа, за да не се повторат тие слабости од минатите избори поднесени е овој амандман, како и останатите амандмани се со цел изборите да бидат почесни и подемократски. Јас би гласал против секој амандман од кои ќе видам дека со тој амандман законот ќе биде доведен во таква фаза да во време на изборите излезе од таков закон некоја нечесност или шанси за нечесни работи.

Исто така, би гласал и против овој амандман ако некои од коалицијата што има влада ме убеди дека точно со овој амандман нешто во изборите ќе се случува нечесно и недемократски. Тогаш би гласал и јас против овој амандман и- би ги убедил моите од пратеничката група да гласаат против. За да гласам како кажав за овој амандман против или да не го прифатам треба барем еден или двајца да ги оставиме овие работи, пензионери, невработени и слично едно убедување само дека од тој амандман ќе произлезат нечесни работи.

Друго е тоа што ќе работат' пензионерите. Пензионерите имаат пензија, иако досега им се украдени 3 пензии сега е во тек да им се украде и четвртата. Имаат тие свои клубови каде што играат домино и

табла таа работа би ја бркале нивните синови. Ги знаеме кои се и невработени, од студенти, правници, економисти, математичари, а со електро струка што завршиле компјутери и кои се далеку пообразовани од тие удбаши и шпиони што беа на последните избори.

Се спомна дека овој амандман е во коалиција со Уставот и со истиот закон. Па, чудно е тоа што го кажува тоа министерот за правосудство и дали не знаме дека се до сега што работи оваа Влада од оваа братска коалиција од ПДП и СДС и некои приморани други партии сета работа досегашна на Владата е во колизија со Уставот. Имаме многу примери. Населување на градови со муслиманско население со сила, тепање на народот во Горче Петров со истата цел. Издавање на градежни дозволи против Уставот. Пример, што се случува, ќе кажам еден пример за таква колизија за да ни биде јасно зошто амандманот треба да помине, во последно време се случи еден тежок криминал со учество на оваа цела Влада и повисоки раководители во оваа држава. По Уставот се знае како се суди и зошто. За исто кривично дело се судат лица со иста казна, па на еден валкан и криминален начин се измислува ново судење, па на крај од осудените двајца муслимани ќе бидат помиловани, а двајца Македонци не помилувани за исто дело со исти про закажани казни. Но, ако од тоа сторено со последното помилување на претседателот за 2 август, тогаш со право грчките весници пишуваат дека врвни македонски раководители се замешани со најопасно средство. Тоа е истата колизија, колизија како што ја спомна министерот дека овој амандман бил во колизија со Уставот. Јас само еден пример кажав за една колизија против уставна господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Во меѓувреме за збор се јави господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, заради авторитетот на Собранието потребно е претседателот и барам пауза од 5 минути, бидејќи во салата има 37 пратеници од коалицијата. И не би дозволил да се гласа без присуство на 61 пратеник од коалицијата.

Во таа смисла пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и од опозицијата ќе излезат од салата додека претседателот не ги повика пратениците во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, го заклучувам претресот по амандманот, бидејќи никој по амандманот не се јави. За гласање сега ќе видиме. Амандманот го ставам на гласање. (пратениците бараат пауза од 5 минути) (Пауза).

(по паузата седницата продолжи со работа во 17,00 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места, а службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 62 пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Молам, бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

(пратениците на ВМРО-ДПМНЕ влегуваат во салата)

Амандманот го ставам на гласање.

(реакции од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека претресот не е заклучен поради немање кворум).

Имавме кворум и претресот го заклучивме.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (13 пратеници)

Тринаесет пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Збор бара господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

До колку ме поддржуваат 10 пратеници, барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници?

Има поддршка од пратениците.

Го молам секретарот да изврши прозивка.

VI/2

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ГОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | Против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | против |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ЃОРЧЕСКИ | за |
| 27 . ДУШКО ЃОРЃЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

VI/3

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | воздржан |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | против |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКН | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОБСКИ | не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | воздржан |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

VI/5

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКН | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

(во отсуство на претседателот господин Стојан Андов со седницата продолжи да раководи потпретседателот, господинот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Пред да ги констатираме резултатите од гласањето да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Вкупно гласале 81 пратеник, од кои 23 пратеници гласале за, против гласале 53 пратеници и воздржани биле 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Михаил Пановски,

Отворам претрес по амандманот за менување на член 10 поднесен од пратеникот...

Процедурално бара збор господинот Стевковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници сакам да укажам дека навистина се точни податоците за гласањето по амандманот што ги даде потпретседателот, господинот Мурати.

Фактички 58 пратеници од коалицијата гласале. Нашиот услов е да бидат 61 во салата.

Оттука, сметаме дека гласањето треба да се повтори и во салата да се обезбеди 61 пратеник од коалицијата и да престане она играње, влегување - излегување од вратите. Со тоа се манипулира и прикрива фактот дека во салата нема 61 пратеник од коалицијата.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ**: (продолжение)

Излегов и по едно друго прашање, се однесува за дија- логот што се водеше помеѓу господинот Котевски и господинот Рамадани, каде што на едно укажување на господинот Котевски каде што нема апсолутно никаква навреда ...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не е процедурално господине Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Процедурално, процедурално. Оттука во текот на паузата бројни реакции и телефонски повикувања во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со барање господинот Рамадани да се извини на македонскиот народ , со тоа што ги нарече црни ѓаволи. Не сакаме албанците во Македонија да ја доживеат судбината со тоа што ги нарекуваат србите на Косово "шкии", па тие црни ѓаволи им покажаа како треба да се однесуваат. Ние жалиме доколку господинот Исмет Рамадани не се извини на македонскиот народ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

ова не беше процедурално барање, јас навистина ги молам пратениците кој застапуваат такво мислење да организираат конференција за печат и нека ги објаснуваат и разјаснуваат прашањата кој беа овде изнесени во дискусиите на Котевски и господинот Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 10, поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Молам кој бара збор?

VII/2.-

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Амандманот е во контекст на претходно поднесените амандмани, кој не добија доволен број на гласови во ова Собра- ние. се однесува за амандманот 4 и амандманот го повлекуваме од процедура.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи го повлече, значи немаме расправа по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Никола Пановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање?

Кој е за молам, да крене рака.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 10, став 1 за биршење на точка 4 , став 2 за додавање нова точка 5 поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котески Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам службите да ме известат колку има присутни пратеници во салата.

Присутни има 56 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во 16,40 ќе ги пребориме пратениците колку се. Дотогаш сите пратеничките групи да си ги соберат што не се тука.

предлагам пауза од 10 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(Седницата продолжи по паузата за пребројување на пратениците во 16,50 часот)

Молам пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места. Молам стручните служби да ги пребројат присутните пратеници.

По пребројувањето на гласовите се констатира дека има доволно присутни пратеници 61 од позицијата.

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Голубовски за процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Господа пратеници сакам да укажам на сериозноста на оваа ситуација бидејќи и кај мене се јавува сомнение на моето однесување воопшто за време на оваа седница и процедурално ќе се обидам да дадам придонес со укажување како би требало понатаму да се одвива седницата, заради тоа што сметам дека поради хендикеп на донесувањето на овие закони кои што пратениците ги сфаќаат и како автоматско распишување на предвремени избори, а очигледно дека и во најголем дел и од присутните на такви избори не сакаат да одат, се создава ситуација според моја оценка, што е мачна, ја замараме јавноста а и самите девалвираме уште повеќе во својата позиција. Се добива впечаток дека иницијативата за предвремени избори наместо да биде наш договорен избор, е надвор од пратеничкиот состав. Се создаваат можности за политички шпекулации денес во Македонија и заради целата таа сериозност предлагам како единствено логично и можно решение Владата да го повлече предложениот пакет закони, за да створи можност сите политички субјекти да разговараат и од позицијата и од опозицијата, да ги доближат ставовите и да влеземе посериозно со сосема изгледна ситуација дека може и донесувањето да го завршиме и

да не жалиме  за евентуално изгубено време затоа што сметам дека ако го одбереме овој на изглед пократок пат нема да ја завршиме седницата. И сакам на крај да укажам и на тоа дека уште еднаш ако се случи ваков прекин да нема стабилно мнозинство позицијата односно од страна на владеачката коалиција и покрај мојата добра волја конструктивно да придонесам, нема да присуствувам на седница се додека коалицијата не оствари стабилно мнозинство од прилика со бројка преку 70 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 за бришење на точка 4, став 2 за додавање нова точка 5 поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски, Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

12 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10, став 1 за бришење на точка 4 став 2 за додавање нова точка 5 поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски, Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Во меѓувреме пратеникот Драги Арсов поднесе амандман за додавање нов член 10-а за менување на член 13, за додавање нов член 18-а,на член 19 за додавање три нови става, на член 25 за додавање два нови става по кои Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, јас не сум задоволен од одговорот на Владата, на министерот Туше Гошев. Тој не даде никакво објаснување и никаква аргументација во прилог на својот одговор зашто не го прифаќа овој амандман. Нелогично е Владата да не реагира на ваквиот предлог затоа што тоа е во спротивност со она што го нуди со овој закон, бидејќи во овој закон се внесува еден нов елемент а тоа е што покрај мнозинскиот имаме еден дел од пратениците што треба да бидат избрани според пропорционалниот систем. Тогаш ние не можеме со истите овие општински комисии да се спроведе гласањето и за делот на пратениците како е предвидено според законот да бидат избрани со мнозински дел и за изборот на пратеници со пропорционалниот изборен систем. Во прилог на овој амандман сакам да го кажам следното. Со важечкиот закон и со приложените предлози за измени и дополнувања не е утврдено кој изборен орган е надлежен за организирање и спроведување на гласањето во општините за изборот на пратеници според пропорционалниот изборен модел. Имено, општинските изборни комисии што се образуваат според законот се надлежни само за спроведување на изборите за одборници, а изборните комисии на - изборните единици само за спроведување на избори за пратеници во соодветните изборни единици. Од изложеното произлегува дека важечкиот закон и предлогот за неговото изменување и дополнување не го решава прашањето за надлежноста за организирање и спроведување на гласањето на избор на пратеници според пропорционалниот изборен

принцип што ќе го создаде проблемот во практиката бидејќи не постои законски утврдена надлежност (реакција од страна на пратениците во салата).

За надминувањето на овој проблем неопходно е со законот да се предвиди образување на посебни општински комисии за организирање и спроведување на гласан>ето за избор на пратеници според пропорционалниот принцип. Овие комисии нема да бидат класични изборни комисии, бидејќи нема да го утврдат резултатот од изборите туку само резултатот од гласањето во општината за тоа ќе поднесуваат извештаи на Републичката изборна комисија. Инаку што се однесува до составите на овие комисии можно е Собранието да ја овласти општинската изборна комисија за избор на одборници да ја врши функцијата на општинска изборна комисија за спроведување на гласањето за избор на пратеници според пропорционалниот принцип, но за таквата нејзина надлежност треба да постои законска основа. Од овие причини предлагам и инсистирам Собранието да го прифати овој амандман.

(Во меѓувреме претседателот Андов ја напушти седницата а со раководењето продолжи потпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕДАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Заради почитување на принципот 61 пратеник од позицијата што го немаме, но во интерес на предложениот амандман на господинот Драги Арсов земам збор во поддршка на поднесениот амандман. Имено се работи за следното. Изборните комисии по изборни единици за пратеници, јасно е дека е уредено во Законот. Со изменување на

системот и со воведувањето на пропорционалниот изборен принцип јасно е дека имаме нова категорија на пратеници, а постојниот закон не го уредува прашањето кој ќе го регулира изборот на пратениците според пропорционалниот систем, бидејќи претставникот на Владата во случајот министерот Туше Гошев ноншалаитно излезе на говорницата и рече - не го прифаќа Владата овој амандман, без да образложи дека и во пропорционалниот систем се гласа по изборни листи. Ако веќе имаме изборни листи ( наместо гласачки ливчиња, јасно е дека треба да постои организација што ќе го спроведе гласањето токму од тие изборни листи согласно пропорционалниот систем. И во таа смисла има апсолутна смисла и логика поднесени од амандман од страна на пратеникот Арсов дека треба | нова изборна комисија, нови избирачки одбори токму за утврдување на резултатите од гласањето по изборната листа што е дадена во духот на порпорционалниот систем. Сметам дека за служува целосна поддршка предложениот амандман и сметам дека пратениците треба во овој случај и коалицијата да покаже разбирање кога се работи за логични работи да се ценат и предлозите дадени од опозицијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Со оглед дека овој амандман содржи регулатива под претпо-ставка дека изборниот закон ќе помине со она што се предлага сега за разлика од стариот изборен закон, пропорционално бирање, сакам да укажам на следното: претседателството не водело сметка дека има и амандмани кои бараат тоа да се избрише, да остане само мнозинскиот принцип. Така сега јас лично доведен сум во ситуација да поддржам,

доколку пројде една таква содржан во текстот она што е амандмански предложено околу тие изборни комисии, но од друга страна, не сум во тоа уверен сега во овој момент на изјаснување заради тоа што јас лично предлагам тоа да се избрише и да има само мнозински принцип на избори. Молам за интервенција од стручните служби во претседателството и таа ситуација да се разреши.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници,изборите по мнозинскиот изборен систем или пропорционалниот изборен систем ќе се обавуваат на исти избирачки места, пред исти избирачки одбори. Сите партии што имаат свои кандидати, кои што одат на бирање имаат право на свои контролори кои што ќе бидат присутни во текот на траењето на изборите од 7 часот наутро до 19 часот навечер. Според тоа истите претставници на кандидатите на една партија на мнозинската листа ќе имаат контролори кои што ќе ги контролираат и изборите на пропорционалната листа заради тоа што гласањето ќе биде на избирачко место.

Апсолутно нема потреба да се удвојуваат контролорите едни за кандидатите на мнозинската пнннанк а другите за кандидатите на пропорционалната листа. Оттука и нема потреба за поддржување и прифаќање на амандманот а не заради тоа што е направен пропуст во законот и не е предвидена контрола на пропорционалната листа. Нема никаква потреба од дуплирање на контролорите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас сум воодушевен од објаснувањето на пратеникот господин Благој Ханџиски член на Партијата СДСМ и тоа ми дава за право да кажам дека она што ние го тврдиме дека зад законот стои СДС како партија, се покажа дека е така и дека се било во партиските редови смислено. Меѓутоа ставот на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е дека ние се залагаме само за 120 пратеници избрани само според мнозинскиот принцип. Меѓутоа, ценејќи дека коалицијата која има над 76 пратеници во ова Собрание, ќе обезбеди доволно 61 глас за да го усвои овој закон. Го почитуваме и го поддржуваме амандманот на господин Драги Арсов од проста причина што знаејќи, ќе повторам дека законот ќе биде изгласан, коалицијата ги има тие гласови, сакаме да придонесеме да и во функција на одржување на пропорционалниот систем како изборен модел да се има една посебна комисија која што ќе ги утврди резултатите односно ќе ги утврди критериумите која е таа партија врз основа на добиените гласови да може да добие еден,два или три пратеника итн. Во тоа се состои. Инаку децидно во законот се наброени само избирачките комисии односно избирачките органи и одборите и државна, како што ние предлагаме а вие сеуште сакате да биде републичка изборна комисија, тие си имаат и се формираат врз основа на претходниот систем и изборен модел а тоа е мнозинскиот изборен модел. Во тоа е и функцијата на овој амандман. Затоа ќе повторам, ценам дека господинот Ханџиски даде добар одговор затоа што изгледа тие така го испланирале во нивната партија, и затоа тие се појавија овие закони овде, дури и нивните коалициони партнери не знаеја дека ќе има седница, велам го ценам тоа, тоа е се работа дали овој амандман ќе го прифатите или нема да го прифатите е работа на коалицијата која да повторам сега има моментално 59 пратеници на седница присутни, значи оној услов од 61 повторно го немате, меѓутоа

ќе продолжиме со работа, да видиме дали уште некој ќе излезе од вас, али ви кажувам вие имате 76 пратеника и можете и без опозицијата да ги донесете овие закони, меѓутоа дали ќе бидат изборите чесни и демократски тоа ќе го покажат самите избори. Ние се сомневаме дека ќе бидат, затоа што ниту еден амандман не сакате да го прифатите што го предлага опозицијата од проста причина ќе кажам зошто како човек се чудам и ако пратеник се чудам зошто не прифатите ниту еден амандман кога сите тие амандмани се во функција на сите политички ќе учествуваат партии што ќе учествуваат а тоа е условите да бидат еднакви за сите.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**:(продолжение)

Значи, ни не сакаме со тие наши амандмани да ја фаворизираме ВМРО-ДПМНЕ, туку да обезбедиме услови за сите субјекти политички кои ќе учествуваат на изборите да имаат еднакви услови и резултатите да си ги признаеме како партии вие освоивте толку пратеници, ви честитаме или ќе ни честитате. Чесноста и демократичноста се гледа во тоа и затоа мислам дека предлозите во вид на соопштение што беа дадени од ВМРО-ДПМНЕ дека не може на опозицијата да и се наметнат закони ако опозицијата ги смета дека се недемократски закони и изборите да ги смета за недомекоратски. Зошто не најдеме еден заеднички јазик, јас верувам не да се тегнеше, 20 дена се тегне донесувањето на овие закони, да седнеа позицијата и опозицијата на заедничка маса за 5 дена ќе ги решеа сите проблеми и за 2 дена ќе беа изгласани законите, а не вака и ние како пратеници се малтретираме, меѓутоа, и јавноста ја малтретираме. Јас верувам дека навистина некој манипулира, те сакам избори те не сакам избори, очигледно е кој не сака избори во овој случај. Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има г-динот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Пак ќе кажам интересни сме. Владата предложи под итно да се донесат овие закони. Ако бевме болни сите ќе умревме до сега. Кога човек е болен бараат итн., помош и треба да стигне на време. Меѓутоа, гледам дека позицијата дали не сака, завчера кажав, дали е тоа демагогија, дали е нешто кое не можам јас да го сфатам, не може да се донесе така закон да ги собираме од улицата и да правиме 61 пратеник. Но, да го оставиме тоа народот гледа на крајот на краиштата и суди. Не е сигурен секој од нас дали ќе биде пратеник тука и која партија како ќе

помине. Се знае која партија треба да помине на крајот на краиштата. Не сакам да нервирам некого и не сакам да се секирам и самиот. За мене пропорционалниот систем е нешто одминато, старо и во најдемократските држави, ако читате , сега ми се чини во Италија беше тоа го исфрлија тој закон. Силата се мери во мнозинскиот систем тој е најприфатлив. Знаете зошто е тоа така? Еве ќе ви кажам. Една партија може да биде најсилна. Така? Таа може во период кога се гласа да добие најповеќе гласови. Онаа хиерархија што е горе на партијата си обезбедува места во Парламентот. Значи, оди пак кон едноумието. Друга партија која се надева сега дека ќе добие, таа можеби ќе изгуби. Во тој случај ако треба да има 10-15 пратеника ќе имаат 7-8 и не добиваат ништо , или добиваат 1 пратеник. Ова убаво да го сфатиме, да го протолкуваме и како што кажа колегата Стоиле Стојков да се договореше оваа работа и да се донесеше законот под итно и да беше завршена целата работа. Во овој случај јас го поддржувам пратеникот г-динот Арсов затоа што има една голема вистина во тоа .

Ќе ви кажам уште една работа. Немојте да се занесувате затоа што не се избираме сами, не не избира фамилијата, не избира народот. Господ рекол вака: "ти дадов памет и уши, мисли, прави и слушај". Ми се чини дека некој од нас ни слуша, не сакам да кажам дека нема памет, но не и мисли. Добро , некој можеби си ја осигурал иднината и негова и на семејството, меѓутоа, тоа не е сигурно за еден политичар, ако сака да биде професионалец. Затоа ќе ве молам пак ќе го повторам она што го кажав првиот пат, новинарот сакаше некни да си поигра со мене, читав во весникот, малку ме вратија мислите назад, но тој си игра со него и со неговото семејство и со целиот систем си игра , затоа што неговото умре, тоа дрво се скина,  се скапа. Демагогијата. Еве гледам колку сме тука и

наши и либералите народот не гледа, кои луѓе сме ние сега 50-60 души и ја решаваме утрешната судбина на нашиот народ, на сите луѓе кои живеат во оваа Република. Избројте се убаво не сме ни 70 души, а носиме закони од голема природа, од животно прашање на нашиот народ. Не знам чија идеа беше, дали беше на еден човек или на повеќе луѓе, меѓутоа, како што ја гледам работата не го решаваме прашањето така лесно. За амандманот реков, но да кажам нешто општо. Можеби утре !се кажам нешто повеќе, да ви кажам отворено, како јас ја гледам ситуацијата во Македонија. Како ја гледам работата на Парламентот, те молам Ханџиски не ти се мешам, те молам, те молам, те молам. Знам, дека така не се работи, но треба поубаво да се работи, а за да се работи поубаво треба да бидеме сите присутни и такви закони кои рековме дека ќе ги донесеме под итно, а можеби ќе оди така со месеци, тогаш ние сме болни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас имам една деловничка интервенција, ќе го замолам претседателот да ја насочи расправата и да не дозволиме сега да се враќаме на првата фаза и да зборуваме за потребата од донесување или недонесување на законот, да зборуваме дали законот ќе се усвои по итна или редовна постапка итн. Да ја насочиме расправата точно на местото каде треба да се одвива, односно расправа по амандманите. Немојте сега секој дискутант да не навраќа на фази кои веќе ги имаме поминато, според дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Добро, се менувавме малку во претседавањето, па можеби тоа е во прашање.

Дали уште некој бара збор?

Има збор пак г-динот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Слушајте господа, слушајте сите, тука не дојдовме да се караме рековме , кажавме, решивме. Ние не сме рекле уште, не сме кажале и не сме решиле. Сега дури решаваме.

Да се изброите вие, да видиме дали има доволен број.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сум ви рекол оти во салата сите пратеници еднакво вредат, јас не можам да ги пребројувам по политичка припадност или по групација односно по припадност и политички групации.

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Стефковски.

Има кворум и нормално си работиме.

Немојте, ве молам, дали некому му истекол мандатот па да е тука случајно. Сите што сте тука сте пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас повторно излегов да укажам дека во интерес е на опозицијата да расправаме токму по овој амандман иако немаме 61 пратеник од коалицијата.

Овој изборен закон каде што се менува системот, Владата се обиде да го протури на врат на нос, и под фирмата на итна постапка веќе месец дена докажува дека Владата сакаше да изврши една голема

измама, измама во однос на еден закон кој е демократски, зборувам за амандманот, и оттука пак ќе речам , министерот г-динот Туше Гошев ноншалантно рече не го прифаќа амандманот без да даде било какво образложение.

Овој амандман на г-динот Арсов има многу голема тежина, и кога г-динот министер би дал образложение народот да сфати што значи пропорционалниот систем, јасно е дека ќе го одобри она што се залага г-динот Арсов во неговиот амандман. Пропорционалниот систем значи броење на гласови, да се разбереме, на избирачкото место не од истиот избирачки одбор, кој ги брои гласовите со мнозинскиот систем, туку се бројот гласовите по изборните листи, тука е разликата и ако не правиме разлика нормално е дека ќе одиме онака како што вели министерот Гошев, не го прифаќам амандманот. Напротив треба да се прифати амандманот, во тоа е суштината, во тоа е новината. А дека итноста се покажа дека во тек на еден месец, уште тапкаме во место, тоа говори дека Владата навистина на препад се обиде да изврши промена во изборниот систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас уште на почетокот објаснив кој се моделите. Изборите се единствени во Републиката и се распишуваат со единствена одлука. Техниките можат да бидат различни, јас ги кажав на почетокот и нема потреба од повторување.

Што се однесува до амандманот, бидејќи се предлага да се формира општинска комисија за спроведување на републички избори, ние тој принцип не го прифативме, затоа што имаше и други амандмани кои нудеа дека општината може да спроведува и републички избори. Ние

стоиме на тоа дека согласно на одредбите на тој закон што го предлагаме комисиите на изборните единици единствено можат да ги спроведат избори- те за пратеници во РМ. Дали ќе биде по мнозинскиот принцип, дали ќе биде по пропорционалниот принцип, ние не можеме да остручуваме комисии или да ги правиме неуки, да не знаат да бројат гласови, или да собираат. Принципот е утврден во законот во членот 6 5 кој го предлага Владата, а мнозинскиот принцип е познат на сите. За да не ги дуплираме работите и повеќе да администрираме, дури во членот 11 став 3 од законот кажува "Собранието на РМ може да ја овласти општинската изборна комисија во општините каде што нема повеќе од две изборни единици, да ја врши функцијата на изборна комисија на изборна единица". Тоа значи дека доколку утврди Републичката изборна комисија нема потреба ни од формирање на таа комисија, туку може општинската комисија да изврши, дури ни до формирање на комисија на изборната единица што треба да спроведе републички избори да ја овласти општинската изборна комисија. Тоа за мене значи само повторуваше, администрирање и пренормирање или хипер- нормирање на самиот закон и беспотребно комплицирање и повторување и ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Арсов.

(пратениците бараат да прекине седницата бидејќи е поминато 17,00 часот).

Предлагам да работиме малку подолго. Па кога ќе се замориме ќе престанеме.

IX/7

**ДРАГИ АРСОВ:**

Се извинувам што повторно ќе кажам, дека не сме задоволни од ваквото образложение на министерот г-динот Туше Гошев. Овде очигледно станува збор дека користејќи ја технологијата на мнозинството спрема опозицијата , во принцип не постои никаква волја да се прифати и да се има слух за соработка и да се прифати било какво конструктивно решение кое што е во интерес не на мнозинството, не во интерес на опозицијата, туку во интерес на она што претставува новина во изборниот систем, општ интерес за изборната техника и за изборното законодавство.

Се извинувам што морам да повторам, овде постои една нова ситуација, една ситуација која , според овој изборен закон, се нуди не само избор кој што го поддржува мнозинскиот изборен систем, туку тој е комбиниран и со пропорционалниот изборен систем. Станува збор за еден мешовит изборен систем. Во една ваква нова ситуација тие изборни комисии кои се наследени и кои се конципирани така што се во функција на мнозинскиот систем не можат да бидат истовремено и во функција на пропорционалниот систем. Затоа што едната комисија, а тоа јас овде го кажувам, го утврдува резултатот од изборите, а оваа комисија има друга функција, таа го утврдува резултатот од гласањето во општината. Станува збор за утврдувањето на гласањето на заедничката листа која е составена од листата што се нуди од партиите за гласањето кое се однесува на гласачите кои ќе се определат за изборните единици односно за изборната единица која во конкретниот случај ја претставува целата Република како една единствена изборна единица.

Според тоа, функциите на овие изборни комисии се сосема поинакви и промените што се нудат со Законот неминовно предизвикуваат и промени во самата изборна техника односно во формирањето на новите изборни комисии што се однесуваат на овој вид гласање односно на пропорционалниот дел од изборите во Република Македонија.

Во прилог на ова сакам уште еднаш да Ви го обрнам вниманието на следната ситуација.

Ние не можеме да се помириме, а тоа го покажа и досегашната дебата, да прифатиме и да се определиме за еден ваков изборен закон кој е до крај искомплициран и кој што до крај не е јасен. Нашата цел не е таква. Нашата цел е да понудиме еден закон кој ќе биде разбирлив за сите избирачи, кој ќе биде целосен, а не вака дефектен. Па дали можеме да се определиме и да прифатиме еден ваков изборен закон кој ни се нуди и кој изборен закон со вакви измени и дополнувања се менуваат речиси сите членови на овој изборен закон и на неговиот законски текст. Навистина тоа е апсурдно предлагачот и натаму да биде оглушен да не прифати и не понуди еден нов законски текст затоа што очигледно фактите покажуваат дека со вакви измени со кои се интервенира во целокупниот текст, во сите членови на законот е апсурдно да не одиме на една друга алтернатива, да не одиме на нов текст, туку и натаму да останеме упорни со вакви измени и со вакви компликации и да нудиме еден крајно неразбирлив и крајно комплициран законски текст кој, пред се, треба да биде не само разбирлив за Владата, туку разбирлив за сите нас, а пред се разбирлив за избирачкото тело.

Од тие причини сметам дека ние не треба понатаму воопшто да водиме собраниска дебата за еден ваков крајно нејасен законски предлог. Од кој причини? Затоа што треба да знаеме дека ваквиот закон има далекосежни последици за целото наше престојно престројување во Република Македонија.

**ДРАГИ АРСОВ:** (Продолжение)

Наша должност е да укажеме овде заради нашата свест, заради штетите што можат да настанат не само овие во Републиката туку и во меѓународните односи. Од тие причини, навистина ние не сакаме да прифатиме на ваков начин на нудење на овој закон и наметнување, наспроти да се има разбирање од страна на опозицијата и наспроти да се има разбирање на општиот интерес во чија функција е и овој закон што овде ни се нуди.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, овој амандман што се предлага од страна на господинот Драги Арсов има голема суштина и затоа јас како и другиот дел на пратеници кои зборуваа во прилог кон него сакам да искажам едно свое мислење.

Нормално, на почетокот сакам да кажам дека го поддржувам во целина и ќе гласам за овој амандман и очигледно за некои работи сакам овде да потенцирам. Станува збор за оние констатации што беа овде на говорницата изречени, особено од Томислав Стефковски и Драги Арсов, заради што овој амандман е целесообразен да се вклопи и инкорпорира во овој закон. Овде господинот министер пред малку што истакна за општинските комисии и овие комисии што се предлагаат од страна на пратеникот Драги Арсов како амандман, мислам дека Драги Арсов е сосема во право а господинот министер тука ги меша работите. Станува збор за мнозински пропорционален систем. Тоа е мешање на два системи.

Тргнувајќи од основното начело дека ние во претходните избори имавме мнозински систем, а сега со формирањето на оваа коалиција и на оваа владеачка гарнитура во РМ, очигледно се прави некаков компромис на штета на македонското гласачко ткиво. А зошто се прави? Еве една моја аргументација. Бидејќи коалицијата СДС, ПДП-НДП со својата Владата во РМ најде за целесообразно да може и во наредниот период да владее, нормално ни го протежира и пропорционалниот систем напоредно со мнозинскиот. И што ќе дојде до израз? Она што го потенцира господинот Стефковски и јас ќе го истакнам уште еднаш. Ќе се брои секој глас за пропорционалниот систем и тука особено гласачкото тело од страна на албанските партии во РМ ќе се брои докрај, ќе се евидентира. Од друга страна на штета на македонското гласачко тело ќе биде расцепкано во повеќе политички партии и тука ние не ќе имаме многу корист од овој пропорционален систем.

Затоа, сакам уште еднаш да укажам, не смеете вие како коалиција, запоставувајќи ги националните македонски интереси, државни интереси, слепо да навлегувате во еден пропорционален систем само заради една алчна цел - освојување и одржување на власта во континуитет во РМ. Тоа значи ако во мнозинскиот систем не добиеме доволен број, шансата е во пропорционалниот заради компактноста на албанското малцинство во Македонија, ќе играте на тој факт, на тој аргумент. Тоа е многу погубно кога се игра само за расцепување на македонското гласачко ткиво. Затоа, од тој аспект јас го поддржувам овој амандман на Драги Арсов и господинот Туше Гошев има најголем минус досега што наседнал на една ваква тактика. Јас знам дека до крај не е негов овој закон и не стои со сите негови погледи и становишта зад овој

закон, а исто така и за овие комисии за кои треба да се прави разлика, општинските комисии што треба да се образуваат кои се надлежни за спроведување на изборите за одборници, а овие изборни комисии кои ги предлага Драги Арсов се всушност она од што ние се плашиме и што сакаме да имаме една поголема евиденција во изборната процедура. Затоа, господа пратеници со право сакам целосно да го поддржите овој амандман на Драги Арсов се разбира, кој има малку совест и чест во поглед на компактноста на македонското гласачко ткиво и во тој контекст и на наредното владеење во РМ на тие политички партии што ќе добијат на изборите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Туше Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, законот е на Владата, а јас сум претставник на Владата и должен сум да го бранам. Инсинуациите и кажувањата нека бидат сопствено мислење на секој ќе ги каже.

Мислам дека амандманот е тотално промашен. Така да кажам, вие или го знаете тоа или намерно пролонгирате дискусија за да постигнете друга цел. Вие ако почнете да го читате од членот 65-а каде кажува: "Во Собранието на РМ 20 пратеници избираат врз основа на пропорционалниот систем.

За изборот на пратеници од став 1 на овој член изборна единица претставува целата територија на РМ."

Да не повторувам и да кажам дека резултатите од гласањето ги сумира и утврдува Републичката изборна комисија, а не општинските изборни комисии како што вие тука предлагате и таа ги констатира гласовите и ја утврдува листата од кандидати кои имаат добиено на таа гласачка листа. Мислам дека е крајно непродуктивно формирање на таква општинска комисија која нема никаква врска со пропорционалниот модел на организација на изборите. Молам, со кажувањето на Владата дека не го прифаќа амандманот тоа не значи дека амандманот не веќе елабориран. Тој беше на повеќе пати елабориран пред комисиите што ги има Собранието, пред ЗПК, Комисијата за политички систем итн. Мислам дека "репетицио ест мадер студиорум", нека повторуваат што повеќе да научат.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, навистина "репетицио ест мадер студиорум" и во тој правец "панта реи". Господинот Туше Гошев досега многу пати докажа повторувањето е мајка на знаењето. И кога беше како пратеник во овие клупи многу поинаку размислуваше, па мораше за краток период да еволуира брзо читајќи книги, литература, му понудија устави од многу западно- европски земји и т.н. изборни- закони, и сега повторно

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да се занимавате еден со друг, ве молам. Дајте за амандманот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Дозволете ми да кажам. Сега повторно ни се враќа овде на сцената дека е тотално промашен овој амандман. Моето видување е вакво преку овој амандман. Ако на ваков начин се продолжи во РМ, ние фактички ќе започнеме со процес на кантонизација, процес на федерализација на РМ и аналогно на тоа поделба на власта во РМ помеѓу два субјекти политички, едниот со СДС, другиот ПДП-НДП. Тоа е фактот и тоа е она што ќе ни се случи во иднина. Вие како сакате гледајте. Може да го гледате во бела техника, во црна, можете и од далеку како уметничка слика во мртва природа да го гледате, но реалноста ќе биде трагикомична.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Коле Луловски бара збор.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, сигурно настапот на министерот ми скриена внимание дека треба да излезам и да му реплицирам до некаде околу образложението што го понуди на претходниот амандман.

Во моето излагање, кога се дискутираше општо за законот, обрнав внимание дека ваков изборен закон како што го понуди Владата е тотален, можам да кажам дека еден хаос ќе се случи на изборите. Прво и прво зошто.

Прво, го потенцирав тоа во моето излагање, дека дополнителни избори во комбиниран систем не постојат никаде. Тоа јасно да ви биде. Но, што сакам да кажам? Министерот е во една тотална заблуда околу образложението што го даде на пратеникот сега.

Во членот 65-г што ни го понуди, тоа е за избор во пропорционалниот систем, јасно се кажува, можам и да го цитирам дека Републичката изборна комисија го утврдува вкупниот број на гласови кои ги добила секоја поединечна изборна листа и го утврдува бројот. Значи, што го добила секоја поединечна листа од изборната единица, го добил резултатот од гласовите. На секоја изборна единица во општините и било како, тие ќе достават список на Републичката изборна комисија, а ќе го утврдат само тие дали е толку или не. Тоа е во пропорционалниот систем. Јасно е во пропорционалниот систем има една изборна комисија, таа е Републичка изборна комисија во секоја држава и така се работи со една изборна комисија и го утврдува бројот на кандидатите. Но во овој случај се гласа во општински и одговараат општинските изборни комисии, но бидете сигурно во заблуда сте, уште еднаш да ви кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Се јавувам процедурално само некои работи да ги разјасниме.

Прво, со оглед на важноста на проблематиката која што ја дискутираме веќе неколку дена сметам дека е крајно лошо по демократијата во Македонија свесно и намерно седниците да почнуваат подоцна со цел во 17,00 часот да се исклучат ТВ камерите, јавноста и широкото граѓанство да бидат исклучени од работата на Парламентот по една вака важна проблематика и да не знаат за што воопшто се работи. Тоа не е случајно, тоа е длабоко со еден договор  од владините партнери

со раководството во македонската телевизија а и самото однесување на раководството на Македонската телевизија последниот месец дена кажува дека се затвора просторот на оппзиционите партнери и пратеници за пробив во медиумот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, што е сега интервенцијата, кажете ја.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Да, кажувам. Тоа е многу суштинска работа за развојот на демократијата во РМ. Ова е увод во диктатура, јас тоа го тврдам, блиската иднина тоа ќе го покаже. Понатаму, се договоривме дека ќе работиме од 10,00 до 17,00 часот. Ние седници прекинувавме кога беа 27, 28 степени Целзиусови надвор. Нарочно се почнува подоцна од таа причина, нас не не интересира воопшто зошто пратениците од владеачката коалиција во 10,00 часот не можат да соберат 61 човек. Нека соберат 61 човек, ќе работиме како што сме се договориле од 10 до 17 часот. Тоа е прво.

Второ, барам претседателот на Парламентот да ми даде објаснување во текот на вчерашната седница ние побаравме свикување на итна 67 седница. Дадовме писмено барање, потпишани сме околу 20 пратеници и барам претседателот да ми даде објаснување зошто и што се чека и зошто не се свикува итна 67 седница во врска со информацијата на Владата што треба да ја даде за националниот срам што се случи на отворањето на Светското првенство во атлетика. Да, да, господине можете да се смеете, но тоа е тежок национален срам да пратиме наши спортисти што воопшто со спортските резултати не заслужуваат да одат и излегуваат со туѓо знаме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, истото го правите во исто време и вчера и денес. На ист начин поставувате и вчера и денес во исто време. Ајде, ве молам.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Моја работа е кога ќе настапам.

**СТОЈАН АНДОВ**

Сигурно дека е ваша. Напуштете ја говорницата сега, ајде.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ве молам да се однесувате....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да си одите од говорницата, господине Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не сте вие тој што може да ме избрка. Јас ќе си одам бидејќи завршив, а не заради тоа што вие ќе ми кажете да си одам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пановски, напуштете ја говорницата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ви кажав дека вие мора да почнете малку подемократски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата господине Пановски, немате вие на кого да се обраќате, ви го зедов зборот јас. Јас овде раководам господине Пановски. Вие можеби сакате некој удар да извршите, јас незнам како мислите, меѓутоа, така е додека сум претседател на Собрание. Ајде сега одете си, не правете инцидент, ослободете ја говорницата. Ослободете ја говорницата, ќе ви одговориме се што треба. Јас навистина немам други инструменти. Ве молам, господине Пановски, немојте да ја блокирате седницата, јас раководам, а не вие, има ред во државата. Ослободете ја говорницата господине Пановски, нема да зборувате вие сега. Напуштете ја говорницата, ве молам. Напуштете ја говорницата, ви го зедов зборот. Кога ќе земам збор немате право да зборите.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Врз основа на кој член?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас кога ќе ви земам збор, вие ќе си одите таму, после можеме се да се раcправаме. Молам, седнете си таму. Молам, кој бара збор?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (од место)

Јас поставив прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никакво образложение, ќе ви дадам вам образложение, вие со допис ми се обративте, со допис ќе ви се одговори. Тоа нема врска што го зборувате со денешната седница, ние имаме седница, имаме

дневен ред. Ве молам, нема збор за тоа, само вие седете си.

Молам, кој бара збор?

Претресот е по амандманот.

Има збор господинот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, навистина од страна на левата коалиција на власт не само што се има недоволно разбирање во однос на ова што ние го нудиме како опозиција, туку срамота е што не се реагира и на предлогот што овде го даде господинот Пановски во однос на таквиот срам што и е нанесен на РМ во врска со знамето. Ние како Парламент, како претставници на народот во овој Парламентарен дом да не го кренеме својот глас против еден таков срам, навистина недолично е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па вие имате амандман господине Арсов, оставете го срамот сега. Имате амандман, за тоа се расправаме.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Сакам само да ја поддржам таа иницијатива и инсистираат тоа. да се стави на дневен ред. Тоа исто е во функција на дијалогот и соработката меѓу левата коалиција и опозицијата, во интерес е на конструктивната работа на овој наш Парламент. Ако овде се зборуваше дека имало пречки со истакнувањето на македонското знаме, тоа македонско знаме да се истакнеше, помал екцес ќе беше отколку истакнувањето на знамето на таканаречената Сојузна Република

Југославија која во светот е оквалификувана како злосторничка, како земја која што е агресор и поради тоа е исклучена од натпреварот во Штудгард на спортскиот натпревар во Штудгард. Затоа, ние не можеме да молчиме и да не реагираме за ваквиот престап и за ваквиот срам со државнито симбол што и е нанесен на РМ и затоа бараме од Владата да даде една информација и објаснување за ваквиот случај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам занимавајте се со тоа што го работиме денес. Имаме амандман господине Арсов, вие добивте збор за тоа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Во врска со амандманот го потсетувам господинот Туше Гошев, овде тој кажа една невистина дека наводно Републичката изборна комисија го утврдува резултатот од гласањето во општините на оној дел што се однесува за делот што се гласаат пратениците по пропорционалниот систем. Тоа никаде не стои во законот. Од тие причини го предлагаме и овој амандман, ако навистина тој остане на таквиот став, тоа нема никаква аргументација, тоа е само наметнување на некаква политичка волја, на некаков притисок на диктатурата на мнозинството. Тоа никаде не стои и не можеме ние да прифаќаме една таква политичка аргументација, бесправна аргументација. Затоа јас овде го нудам овој амандман дека со оваа изборна комисија која што се однесува на овој дел, по кој што се бираат пратеници по пропорционалниот систем, таа општинска комисија ги утврдува резултатите од гласањето. Впрочем, тоа е во согласност и со членот 9 каде што кажува дека општинската изборна комисија ги утврдува и резултатите од гласањето за избори на пратеници.

**ДРАГИ АРСОВ**: (продолжение)

Дури и во овој член според Предлог законот што го дава Владата пред законскиот предлог стои дека Општинската комисија е таа што ги утврдува резултатите, а не Републичката комисија. Затоа, јас во согласност со тие решение што ги дава Владата, го давам ова дополнување, а Општинската изборна комисија само и поднесува извештај на Републичката изборна комисија. Републичката изборна комисија не ги утврдува резултатите, туку таа го добива извештајот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Стевковски

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе зборувам само во дел за амандманот со едно укажување дека министерот зема голема слобода и употребува некои реченици со кои што дава оценка за пратениците. Тотално промашување, на што личи тоа. Дали е овластен да дава оценка за пратеникот кој што го гласале. Мислам дека тоа не е дозволено и треба да си го коригира својот речник кога излегува на оваа говорница.

Исто така, со оглед дека досегашната расправа покажува една глувост на коалицијата по однос на амандманите на опозицијата се наметнува и едно друго прашање каде што најверојатно ако не дене утре, ние ќе го поставиме, а тоа е дека со донесувањето на законот оваа Влада мора да си оди и да се избере Влада која што ќе ги спроведе изборите во РМ. Да не мисли некој дека ќе се игра овде со една група од 45 пратеници, па сака да си донесе закон како сака и да го распушти Парламентот и да си води политика по свој ќев. Овој Парламент ја

бираше таа Влада и таа ќе си оди со него. Тоа е условот и ние ќе ја употребиме целата стратегија тоа да го реализираме.

Јас молам претседателот да обезбеди тишина. Сакам, исто така да укажам во врска со предлогот што беше дадени а во врска со настапот на нашата репрезентација на светското првенство во атлетика. Денес ние повеќето пратеници бевме на прославата на денот на Армијата на Македонија. Тие млади војници маршираа под знамето на РМ и се гордееја и тие и ние. А кога доаѓа ситуација да манифестираме една наша национална свест и припадност кон оваа Република во странство нашите претставници настапуваат под туѓо знаме. На што личи? Каде е одговорноста, се поставува на Владата не на овој Парламент. Одговорноста е на Владата за она што се случи на светското првенство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ама пак е тоа надвор од ова за што добивте збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Господине Андов, јас реков дека ќе бидам коректен. Амандманот ми дава за право да тврдам дека во зградава има 57 пратеници на коалицијата. Меѓутоа, ќе остане пратеничката група на ВМРО до гласањето по нашиот амандман, бидејќи тоа е во интерес на РМ. А после тоа повторно ќе се јавам за збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дваесет и еден пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за создавање нов член 10-а поднесен од пратеникот Драги Арсов.

За збор се јави господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно да се гласа. Имам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам секретарот да изврши поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14. ГОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20 . ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25, ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. Би^КО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ЃОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

XI/5

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | не е тука |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ТТАНЧО МКНОН | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

XI/6

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | воздржан |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОЕСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТО.ТАПОБСКИ | не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

XI/7

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат и да седнат на своите

Во поединечното гласање 2 5 пратеници гласале за, против I, а воздржани биле 7 пратеници. Вкупно гласале 72 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (Од место)

Јас ќе барам да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

5 пратеници гласале за.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:** (од место)

Колку гласаа против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ве молам, да го утврдиме точниот број на пратеници сега за да знаеме точно колку не гласале.

(Службите ги бројат пратениците).

Информиран сум дека има 53 пратеници во салата.

Гласањето, се разбира, нема да важи штом немаме 61 пратеник.

Ги молам раководителите на пратеничките групи да ги приберат пратениците внатре и за пет минути ќе барам да се утврди точниот број и со тоа или продолжуваме или завршуваме.

Да ги повикате пратениците да влезат во салата. Координаторите да си ги викнат пратениците.

Повикајте ги пратениците да влезат во салата, има уште четири минути.

(По кратката пауза седницата продолжува).

Молам пратениците да седнат на своите места и службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

(Службите ги бројат пратениците)

Информиран сум дека во салата се присутни 55 пратеници што значи не можеме да поминеме на гласањето.

Предлагам утре да продолжиме со работа во 11,00 часот.

Значи, утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,15 часот).